

# ЗАБАВЕН СВЕТ

ООУ „Невена Георгиева Дуња“ - Скопје

Главен и одговорен уредник: Калин Илијевски – 5 б одд.

Помошник уредник: Симона -3а одд.

Дизајнер: Матеј Златков -5 б одд.

Илустратор: Андреј Трајков и Сара Лазоска-5 б одд.

Лектура: Елена Колоска

Автори на текстови: Елена Колоска и Петја Ангеловска

Техничка подршка: Дарија Васева, Петја Ангеловска

**МЕНТОР: МАЈА ТРАЈКОВИЌ**

# Наши активности...

## ФРАНКОФОНИЈА








Во ООУ„Невена Георгиева- Дуња" –Скопје веќе подолг период се создаваа автентични пристапи кон деветтата уметност- стрип-културата. Неа во Република Франција веќе ја величат како визуелна уметност со која се отсликува авангардата на човековата мисла. И кога станува збор за авангарда, таа не може да биде поголем прогрес од детската имагинација. Дефинитивно, детската фантазија е бескрајната, наивната, чесната и искрената страст која како жарче ги запали нивните ризници преполни со авантури и ги преточи во илустрирани обоени листови од кој стана една изложба со нивните ремек дела. Изложба, која вдишуваше култен зародиш од градски илустрирани опкружувања и издишуваше карактеристични стилови од малите цртачи. Беа ли совршени малите уметници?! Да, оти беа оригинални и вешто протолкувајќи ги сопствените мисли ги разминуваа лавиринтите низ кои поминуваа нивните јунаци. И, така во сопствените училишни авантури учениците од трето до деветто одделение зачекорија и се бореа како нивните јунаци Астерикс и Обеликс. Училишните Астерикс и Обеликс на кои волшебната напивка им помогна да се искажат низ урбаната култура- стрип-културата која беше поттикнувачка компонента да ги адаптираат своите размислувања низ облачиња. Ех, тие стрип-облачиња беа облици низ кои учениците твореа за сите совршености од своите јунаци како што се: решителноста, одлучноста, храброста, силината и родољубието

**23 - ти април Светски ден на книгата** и авторските права со оправдано задоцнување, но не и со изостанување припаѓаше на писателката Фросина Пармаковска, авторка на книгите ,, Вишновата хроника, ,, На враќање и ,, Одбројување , роман на годината за **2017** година.












**Детското творештво во нас пробудува чувство на радост, особено при дружење со нивните стихови.**

**На меѓународниот Фестивал за детска поезија, кој се одржа во Бања Лука - БиХ, во конкуренција над 8000 литературни творби, наша ученичка од 5 б одд. – Петја Ангеловска ја доби престижната 2 награда и истата ја прими лично. Незаборавоното искуство го споделуваме со вас...**









Меѓународниот ден на аутизмот, беше ... зира ... овен ... олку ... беа ... “ и

Секој нику... овој ник... во уб... по...

Сончев ден и како сончевина грее дружби меѓу две училишта, петачињата од ООУ,,Невена Георгиева- Дуња и учениците со попреченост од ПОУ,,Иднина". Дружбата беше прегрната од директорот и стручните лица од ,, ЈП Паркови и зеленило"- Скопје и ,, Флораком". Иницијатива која е континуитет, не е само 2 април, одбележување на датата за аутизам како дата за подигање на свесноста, туку е една константна заложба на Маја Димитрова од Националната Галерија ,, Чифте Амам" да се чуе и да се осмисли подобар свет за аутизмот. Стрпливо ги слушавме Билјана, Александра и Деан пред да преминеме на садење разнобојни цвеќенца. Иако сме петачиња, ние си бевме вешти и вредни, скромни сме си ние, не се фалиме, не пофалија и затоа сме решителни, амбициозни и се пријавуваме и за следни акции во садење. За секој вложен труд си добивме по едно засадено цвеќенце и добивме разнобојни цвеќенца кои ќе си ги посадиме во нашиот училишен двор. Нашето училиште ќе биде украсено со грст љубичици и на преостанатите наши соученици ќе им ги споделиме нашите инженерски и хортикултурни искуства. Се си знаеме, освен садење имавме и прошетки низ огромните пластеници. Првата работилница и нејзината миризба на земја привлекува раѓања на опојни цветни убавини кои претставуваат мириси за душа и тело, благодетни ситници, кои чинат живот. Благодарна за денешниот преточен ден во земја, таа е извор на се, раѓа поучување за грижа на ранливите до нас и поттикнува грижа за нашето ментално здравје.








STRENGTH
GREAT
SPORT AND CO.





Учениците од **3-а** одд истражуваа за убавините на нашата татковина**.**Целта на овој проект беше учениците да се запознаат со природните убавини на нашата татковина како и развивање на свеста за зачувување на убавините на нашата татковина**.**

Учениците истражуваа**,** ликовно и креативно се изразуваа и направија прекрасен албум во кој ги претставија убавините на нашата татковина**.**








## Истражувавме: Какво влијание има Ковид-19 врз учениците :

Истражувањето беше спроведено во училиштето помеѓу учениците од прво до трето одделение во кое активно учествуваа **197** ученици **(**ученици од прво до трето одделение**)** на возраст од **6** до **8** години**.**

Истражувањето беше спроведено со цел да се утврди какво влијание врз учениците има состојбата со Ковид **-19** вирусот**,** со оглед дека со оваа состојба се соочуваме веќе повеќе од две години и која состојба го промени животот на секој од нас**.**








**Учениците од 5 б одд. спроведоа повеќе истражувања во рамките на проектот „Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатскин промени“ , спроведуван од УНИЦЕФ.**

## Моќта на ветрот

**Цели:**

- Подигната свест кај учениците за влијанието на климатските промени врз животот на луѓето и нашата планета, важноста на ветрот за добивање на електрична енергија ( обновливи извори)
- Развој на креативни вештини
- Запознавање со поимите обновливи извори,ветерници,генератори,турбини





## Торнадо

**Цели**

- Запознавање со животната средина,
- Спречување на катастрофи,
- Прилагодување на климатски промени.
- Реупотреба на пластични шишиња (*повеќе пати*)





## Тантал





# Крстозбор за озонска обвивка

**Цели:**

- Подигнување на свеста кај учениците за климатските промени,озонската обвивка и озонската дупка
- Развој на креативните вештини
- Запознавање со поимите и значењето на климатските промени ,глобалното затоплување,озонска обвивка и озонска дупка





# Канта за селектирање отпад од хартија

**Цели:**

- Подигнување на свеста кај учениците за климатските промени и загадувањето и животот на живите суштества
- Развој на креативните вештини
- Запознавање со поимите селектирање,рециклирање,реупотреба, загадување





# Литературна ризница

# Имагинарна другарка

Кога везден сонуваш
Во глава сам со себе си зборуваш.
Во училисте кога одиш,
до твојот имагинарен другар стоиш.

Така беше и со Марија
кога се скара со Дарија.
Осамена остана
сама со својата имагинарна другарка.

Никој не ја гледа,
сите си мислат дека е шега,
но да ви кажам јас
што се случи на час.
Ивана ја турна,
Ана ја клоцна,
а Мила ја боцна.
Марија почна да се дере а одделението да и се смее.



# Чекорам гордо по училишната патека девет месеци



Ако знаеш гордо ќе одиш,
без сомнеж,
без тага,
а секако ќе немаш ни мака.

Девет месеци секој миг секој час,
учиме ти и јас.
Во предметот математика секоја тема е лесна,
предметот  македонски го совладувам како песна.

Петки ќе редиш секој ден.
Каде и да одиш треба гордо да стоиш,
таа патека без проблем ја чекориш,
знаењата да ги зголемиш.

Знаењето е најголемо богатство, вреди,
Дружењето со книгата гарантира успех во образованието што следи.



И скрена сум јас
Л ојална и храбра
И нтелегентна повеќе од што сакам
Н ежна и среќна
А амбициозна сум колку што сакаш
Илина Велковска **5** б одд.



А ндреј Т. сум јас,



Н ека го слушнат сите мојот глас,
Д енес роденден славам
Р адосен сум јас

Е ј, другари сите ве канам,
Ј ас со игри и песни сите ве мамам!
Андреј Трајков **5**б одд.

А ктивна сум и смела
Н асмеана сум цела
А мбициозна и вредна
С табилна и секогаш праведна
Т рудољубива сум јас
А кога ќе победам викам на цел глас
С илна сум јас
И нтелигентна како вас
Ј ака сум
А вантурист, но и спортист!



Пролетна песна

Веселите детски лица
си играа на долгата улица.
Пеперутки насекаде летаат
а луѓето среќно си шетаа.

Пролетните сончеви зраци греат
а булките милно се смеат.
Птиците прекрасни песни пеат
и сите се веселат и се смеат.

Во парковите детски џагор се слуша
И момчињата се каќуваа
по зрелата круша.

Симона Коцева **3**-а одд.

## САКАМ ДА ЈА НАУЧАМ АЗБУКАТА





Си биле едно кученце и едно папагалче. Кученцето се викало Рафа, а папагалчето Роки.
Им бил прв училишен ден. Кога стигнале во училиштето во ходникот забележале прекрасни цртежи.




Таму запознале едно маче и уште едно папагалче. Мачето се викало Мила, а папагалчето Дора. Нивната наставничка се викала Ема.
Кога отишле во училницата Рафа и Роки, најпрво појадувале со нивните другарчиња Мила и Дора. Потоа наставничката Ема им рекла:
- Денес ќе ја учиме азбуката. Од А до Ш.

Се израдувале Роки и Рафа.
- Ураааaa! – извикале Мила и Дора.

Цел училишен ден ја учеле азбуката, но никако не успевале да ја научат.
Наставничката им рекла:
- Повторете по мене А,Б,В,Г.....

Роки и Рафа кажале А, Г, Б, В.....
- Нееее ! - рекла наставничката. Вака е правилно А, Б, В, Г.....

Тие пак се обиделе А, В, Б, Г.....
- Нееее ! - рекла пак наставничката.



Драги другарчиња, дали ќе им помогнете на Роки и Рафа да ја научат азбуката од А до Ш?
А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, И, Ј, К, Л, Љ, М, Н, Њ, О, П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф, Х, Ц, Ч, Џ, Ш.
Бравоооооооооооо!

Јана Панева 3-а одд.

# ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА

## Која фигура недостига?




## Колку квадрати гледаш на сликата?





# Откриј кој од трите автомобили ќе стаса до куќата?





На Кате и Јана им треба твојата помош. Заокружи ги броевите од **1** до **10!**



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 4 | | 6 | 7 |
| 1 | 2 | 5 | 4 | 5 | 8 |
| 2 | 10 | 4 | 7 | 6 | 9 |
| 3 | 4 | 3 | 3 | 7 | 8 |
| 8 | 5 | 6 | 7 | 8 | 1 |
| 9 | 6 | 7 | 5 | 9 | 10 |



**Калина Гавриловска  I – одд.**

ООУ „Невена Георгиева Дуња“



# Осмонасочник

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П | Р | У | Ф | Р | `Т | Е | Њ | Е | К | Е | Д | У | Г |
| И | Р | К | Е | Г | Х | С | А | Л | Ј | Ф | Х | С | Б |
| У | С | А | А | К | Т | О | Л | Ч | Н | И | К | Т | Ц |
| Т | А | Г | Ш | Џ | Ц | Њ | П | Р | А | М | Е | Е | В |
| К | О | Р | Е | Н | Ш | А | Н | А | Ш | Ф | А | Н | Е |
| О | Л | В | Џ | Г | И | Г | П | Л | О | Д | Х | Ц | Т |
| Г | Х | А | Е | А | Р | К | А | В | Т | К | Х | Е | Њ |
| М | О | П | Р | А | Ш | У | В | А | Њ | Е | Г | Ф | Г |

**Пронајди ги соодветните зборови и поврзи ги:**

**Опрашување, р`тење, плод, корен, прашник, толчник,устенце.**

**Калин Илијевски 5-б одд.**

# Неверојатни факти

Во една минута, на Земјата паѓа околу **1** милијарди тони вода!

Сонцето е оддалечено околу **150** милиони километри од Земјата, но на светлината и требаат само **8** минути и **20** секунди за да стигне до нашите очи!

Најголемите дрвја на светот се циновските секвои. Тие достигнуваат висина од **100** метри и обем од **20** метри!

Океаните и морињата на Земјата содржат вкупно **1260** милиони трилиони литри вода!

Лубениците можат да содржат над **600** семки!

Белата светлина ги содржи сите бои на виножитото!

Калин Илијевски **V** б одд**.**

ООУ **„**Невена Георгиева Дуња**“.**







